03-23519
21.09. 22

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 38 седница одржана на 27.05.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Информациски ситеми и менаџмент“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Информациски ситеми и менаџмент“, трет циклус на стручни студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со стручни назив: Доктор на науки по информациски ситеми и менаџмент по компјутерски науки, VIII според НРК /во меѓународен промет стручни студии назив Doctor of science in information systems and management, NQF VIII.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 – Природно-математички науки, 5- Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Информатика, 503 - Економски
Научно – истражувачка област: 11000 информатика, 11011 друго, 50202 – Применета економија, 50310- Просторна економија и екологија, 50329- друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Садудин Ибраимиі, вон. проф. д-р Хирије Абази - Алили, вон. проф. д-р Адриан Бесими, проф. д-р Висар Шеху.

---

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 03-4020/8 од 28.12.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Информациски ситеми и менаџмент", трет циклус академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-177/2 од 31.01.2022 година (наш бр. 08 - 235/1 од 31.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 235/7 од 30.06.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 38 та седница одржана на 27.05.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова